До Државната комисија за спречување на корупцијата поднесено е барање за мислење од градоначалник, во однос на тоа дали ќе настане состојба на судир на интереси во случај кога негово/нејзино блиско лице (ќерка), ќе биде ангажирано во основно општинско училиште од истата општина како психолог, со посредување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за итни и неодложни работи.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај **не постои состојба на судир на интереси**, бидејќи блиското лице е единствен дипломиран психолог, евидентиран во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за подрачјето на општината, каде подносителот на барањето ја извршува функцијата градоначалник.

Државната комисија упатува и на член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно избраното лице е должно да внимавате на потенцијалниот судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности.

Согласно начелото на интегритет, секој е должен во вршењето на службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Од друга страна, согласно член 56 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„**Избрано или именувано лице** или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал **е должно да ја извести Државната комисија за секој** избор, именување или **вработување**, унапредување **на член на неговото семејство** во државен

орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, **во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување**".

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk